Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 398/2024

Дата. 28 02 2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Карбинци се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за новопланиран 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Долни Балван, КО Таринци, КО Батање, Општина Карбинци.**

Должина на трасата за која се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува изнесува 7,7 км.

Планираната траса граничи со опфати и траса за кои се издадени:

- Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 84/3, дел од КП 84/1, дел од КП 85, КП 11, КП 12, КП 13, КО Таринци, Општина Карбинци, со тех. бр. Y04821:
- Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), м.в. Црковци, КО Таринци, КО Карбинци-вон г.р., Општина Карбинци, со тех. бр. Y29322:
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП 201/10, и КП 201/12, КО Батање, Општина Карбинци, со тех. бр. Y41322:
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 1/24 и КП 1/26, дел од КП 1/1, КО Долни Балван, Општина Карбинци, со тех. бр. Y41922:


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел КП 502/1, КП 502/24, КП 502/21, КО Долни Балван, Општина Карбинци, со тех. бр. Y59022:
- Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 525 и КП 526/2, КО Долни Балван, Општина Карбинци, со тех. бр. Y59122:
- Услови за планирање на просторот со намена на инфраструктури за пренос на електрична енергија – новопланиран 10(20) kV подеземен кабелски вод, КО Караорман – вон г.р., Општина Штип, со тех. бр. Y66023.

  Планираната траса се сече со траси за кои се издадени:
- Услови за планирање на просторот за изградба на 10 (20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште, Општина Карбинци, со тех. бр. Y03521:
- Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод, КО Долни Балван и КО Таринци, Општина Карбинци, со тех. бр. Y30623:
- Елаборат за Услови за планирање на просторот за градба на ДВ 400kV, Штип – Македонско Бугарска граница, со тех. бр. Y01106:
- ПИ за реконструкција на ДВ 110 kV бр.116, ТС Штип – ТС Пробиштип, со тех. бр. Y06913:
- Урбанистички план на брана Кнежино и придружни објекти како дел од ХС Злетовица, со тех. бр. Y16906:

**Видот на пласнката документација да се усогласи со Законот на урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y00724** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за новопланиран 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Долни Балван, КО Таринци, КО Батање, Општина Карбинци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за новопланиран 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Долни Балван, КО Таринци, КО Батање, Општина Карбинци потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

5. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита за земјоделското земјиште, а особено стритното органичување на трансформацијата на семјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена водови за пренос на електрична енергија за новопланиран 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Долни Балван, КО Таринци, КО Батање, Општина Карбинци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Карбинци, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 58224 од 27.12.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за новопланиран 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Долни Балван, КО Таринци, КО Батање, Општина Карбинци. Должина на трасата за која се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува 7,7 км. Согласно доставената Предлог проектна програма, почетната точка на планираниот кабел е од во КП 494 во КО Долни Балван, Општина Карбинци. Ќе завршува во три крајни точки: Т1 КП 71 КО Таринци, Т2 525 КО Долни Балван Општика Карбинци и Т3 во КП 210/1 КО Батање Општина Карбинци.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија за новопланиран 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Долни Балван, КО Таринци, КО Батање, Општина Карбинци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 398/2024 од 23.02.2024 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Условите за планирање на просторот **со намена водови за пренос на електрична енергија за новопланиран 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Долни Балван, КО Таринци, КО Батање, Општина Карбинци,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Republika e Maqedonisë së Veriut / Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје / Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup / Република Северна Македонија

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска

Д. Марк


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk